МАКСТИЛ АД СКОПЈЕ

# Годишен извештај на
# Службата за Внатрешна ревизија за 2019

За период од 01.01.2019 – 31.12.2019

## Содржина:

1. Вовед....3
2. Цел на годишниот извештај....3
3. Преглед на деловни процеси....4
4. Опис на извршените ревизии....5

## 1. Вовед

Службата за внатрешна ревизија на Макстил АД Скопје функционира како независен организационен дел на Друштвото, формиран со одлука за измена и дополнување на систематизацијата на работни места бр. 02-34 од 25.11.2010 година.

Главна цел на Службата за внатрешна ревизија е да одезбеди увид во усогласеноста на внатрешните акти со позитивните правни регулативи, како и оценка на системот на внатрешни контроли, поделба на должности и управувањето со ризиците.

Внатрешната ревизија обезбедува независно и објективно мислење до органите на Друштвото за ефективноста на воспоставените внатрешни контроли и за адекватноста на системите за управување со ризиците. Преку анализа и проценка на ризикот изразен со рангирањето на веројатноста и влијанието на поединечните деловни активности и организациони единици во Друштвото, внатрешната ревизија ја одредува фреквентноста на вршење на ревизии на поединечните активности.

Службата за внатрешна ревизија на Друштвото изготвува извештаи од извршените ревизии и ги доставува до одговорните лица на ревидираните единици. За своето работење изготвува полугодишен и годишен извештај. Врз основа на Член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва (Сл.Весник на РМ бр. 48/2010) и членовите 415-а, 415-б, 415-в и 415-г, Службата за внатрешна ревизија поднесува **годишен извештај** за период 01.01-31.12 2019 година.

## 2. Цел на Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија

Целта на Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија на Макстил АД Скопје е хронолошки да ги презентира активностите извршени од страна на вработената во Службата за периодот од 01.01.2019 до 31.12.2019 и да обезбеди мислење за адекватноста и ефективноста на организациските процеси на управување

со ризиците контрола во рамките на работата преземена од страна на внатрешниот ревизор.

Во текот на реализирањето на своите активности, Службата за внатрешна ревизија првенствено и единствено се водеше од целите да обезбеди независна и објективна оценка на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешна контрола, како и на адекватноста со воспоставените процедури на друштвото и нивната усогласеност со законодавството.

### 3. Преглед на деловните процеси

Со одлука на Одборот на директори на Макстил АД Скопје, Службата за внатрешна ревизија започна со систематко прегледување на избрани деловни процеси. Прегледот на деловните процеси започна во Јуни 2019.

**Резултати од Прегледот на деловните процеси**

Резултатите од прегледот на деловните процеси го вклучуваат следново:

- Мапи на процеси AS-IS (актуелниот начин на извршување на работните активности од страна на вработените кои учествуваат во одреден процес, како и идентификуваните ризици и несоодветната поделба на должности),
- Мапи на процеси TO-BE (предложениот тек на работниот процес со соодветните контроли и поделбата на должностите т.е адресирани потреби за подобрување на контролите и поделбата на должностите идентификувани во AS-IS процесите. Дополнително, се идентификуваат и можностите за подобрување на процесите),
- Извештај со документирани наоди, препораки и размислувања за имплементација на предложените подобрувања на процесите.
- Презентација на комплетираниот преглед на процесите (со наодите и препораките) на Одборот на директори.

**Статус и следни чекори**

Извештаите од ревидираните процеси во текот на годината беа поднесени и презентирани пред Одборот на директори на 18-ти Јули, 9-ти Октомври и 4-ти Декември.

Наодите, препораките и размислувањата за имплементација беа одобрени од страна на Одборот на директори.

Одборот на директори побара од извршниот менаџмент да претстави План за имплементација кој ги истакнува клучните исходи кои ќе треба да се постигнат, како и временска рамка за остварување, како и поединечни одговорности, кои ќе треба да бидат одобрени од страна на Одборот на директори.

Службата за внатрешна ревизија ќе спроведе пост имплементациски преглед на процесите.

**Активности во тек**

Во моментот, извештајот "Водење на магацин за суровини" има статус на "активност во тек".

**Развој на вработените**

Вработувања/напуштања

Во текот на годината немаше ниту вработувања ниту напуштања во и од Службата за внатрешна ревизија.

## 4. Опис на извршените ревизии

| Бр. | НАЗИВ НА РЕВИЗИЈАТА | Датум на презентација пред Одбор на директори |
|---|---|---|
| 1. | Процес на примање на фактури | 18.07.2019 |
| 2. | Процес на верификација на фактури | 18.07.2019 |
| 3. | Процес на набавка на природен гас | 09.10.2019 |
| 4. | Процес на набавка на струја | 09.10.2019 |
| 5. | Преглед на процесирани фактури | 04.12.2019 |

Целта на ревизијата на процесот на примање на фактури: да се провери начинот на кој се примаат сите влезни фактури од добавувачите (домашни и странски) во Макстил и

нивна дистрибуција до соодветните вработени за понатамошно потврдување, проверка, комплетирање и потпишување.

Целта на ревизијата на процесот на верификација на фактурите: да се провери начинот на кој се примат сите влезни фактури, претходно потврдени, проверени, комплетирани и потпишани од соодветен вработен, и нивна верификација (усогласување на фактурата со барањето за набавка, договор, испратница, приемница итн.).

Целта на ревизијата на процесот на набавка на природен гас: да се провери начинот на обезбедување на бараната количина и квалитет на гас за потребите на Макстил АД.

Целта на ревизијата на процесот на набавка на струја: да се провери начинот на обезбедување на бараната количина и квалитет на струја за потребите на Макстил АД

Целта на ревизијата "Преглед на процесирани фактури" : да се обезбеди увид во избрана групата на фактури со цел давање на препораки за надминување на потенцијално идентификуваните ризици/слабости.

Деталните извештаи за сите погоре наведени ревизии беа поднесени и презентирани пред Одборот на директори на Макстил АД Скопје. Наодите, препораките и размислувањата за имплементација опфатени во извештаите беа усвоени од страна на Одборот на директори.

Служба за внатрешна ревизија